**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

Бр. 03-2

Скопје 04.02.2020г.

**До: „Витаминка“ АД Прилеп**
**ул. „Леце Котески“ бр. 23, Прилеп, и-мејл: contact@vitaminka.com.mk**

**За: генерален извршен директор**

**Предмет: Известување за претставка за рекламата за „Чоко Стоби флипс - дарк & чили“**

Почитуван,

До Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги пристигна претставка која се однесува на рекламата за „Чоко Стоби флипс - дарк & чили“, во која се посочува дека со оваа реклама „Витаминка промовира семејно насилство, т.е. родово насилство“ и дека „Витаминка на младите генерации им пласира искривени вредности“. Подносителката на претставката наведува и дека се обратила до Вашата компанија со ваква поплака, на што ѝ било одговорено дека станува збор за уметност.

Согласно Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги: „за веродостојноста и точноста на тврдењата и податоците во [рекламите] е одговорен нивниот нарачател, а за нивната усогласеност со закон одговорниот уредник во давателот на аудиовизуелната медиумска услуга“ (член 53 став 6). Од ова произлегува дека за содржината на рекламата за „Чоко Стоби флипс, дарк & чили“ е одговорна Вашата компанија „Витаминка“ која е нејзин нарачател. Агенцијата како регулаторно тело во сферата на аудио и аудиовизуелните медиумски услуги има надлежности да постапува во однос на програмите на радијата и телевизиите, не кон нарачателите на рекламите.

Сепак, имајќи ги предвид проблематичните аспекти на рекламата, како и настојувањата на „Витаминка“ да изгради имиџ на општествено одговорна компанија, Ви се обраќаме со цел да Ве информираме за пристигнатата претставка и да Ве известиме за наодите од нашата анализа на оваа реклама.

Во прилог на дописот Ви испраќаме Информација од анализата на рекламата и се надеваме дека нашето обраќање до Вас, ќе наиде на позитивна реакција, како во поглед на натамошното прикажување на рекламата за „Чоко Стоби флипс - дарк & чили“, така и при планирањето на идните рекламни кампањи.

Со почит,

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

**Директор**

**д-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ**

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

**ул. Македонија бр.38**
**1000 Скопје**